[redacted]

Република Македонија
**Министерство за здравство**

**До:**
**ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРИВАТНИ ЛЕКАРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Бр. 27-2568/1

23-02-2011 2011 година

Скопје


Министерство за здравство

50-та Дивизија б.б,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3112 500
Сајт: www.moh.gov.mk


**Предмет:** Користење на Електронска здравствена картичка - Известување;

Почитувани,

Министерството за здравство е во фаза на имплементација на Проектите за информатизација на здравството, Систем за електронска здравствена картичка и Интегриран здравствен информатички систем.

Во оваа фаза од имплементацијата на проектите, неопходно е активно учество на сите установи кои ќе бидат корисници на Електронската здравствена картичка.

Воведувањето на Електронската здравствена картичка и користењето на сите функционалности кои таа ги содржи, ќе се одвива по фази, заради обезбедување на потребните предуслови и прилагодување на установите.

Со овој допис Ве известуваме за условите кои се потребни да се обезбедат од страна на здравствените установи во првата фаза од воведување на функционалноста на Електронската здравствена картичка.

Имено, ЕЗК на осигуреникот, покрај останатите податоци ќе содржи и запис дали придонесот за задолжителното здравствено осигурување е платен. Во член 9 од Правилникот за формата и содржината на картичката за здравствено осигурување и за начинот на нејзиното издавање, водење, користење и доказот за платен придонес за задолжително здравствено осигурување објавен во “Службен весник на РМ“ бр.158 од 10.12.2010 година се наведува следното: **“Здравствената установа во која осигуреното лице користи здравствената заштита го проверува идентитетот на осигуреното лице и врз основа на податоците во картичката утврдува дали е платен придонесот за здравствено осигурување.“**

За таа цел, во здравствените установи неопходно е да се обезбедат услови за користење на ЕЗК. На сите работни места во установата каде што се врши прием на пациенти и проверка на платен придонес за здравствено осигурување, потребно е да се овозможи следното:компјутер со оперативен систем Microsoft Windows (верзија од Windows 2000 и понова), читач за картички и стабилен пристап до Интернет.

Заради утврдување на точниот број на потребни читачи за картички, потребно е во најкраток рок да не известите за бројот на компјутери на кои би се вршела оваа функција (проверка на платен придонес за здравствено осигурување).

Условите треба да бидат обезбедени најдоцна до мај 2011 година. За секоја следна Фаза ќе бидете дополнително известени.

Ви благодарам на соработката,

**подготвил:**
Ж. Чагороска

**контролирал:**
Државен секретар
Д-р Зоран Стојановски

**МИНИСТЕР ЗА ЗДРАВСТВО**
**Д-р Бујар Османи**